INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

Институт за општествени и
хуманистички науки
Бр. 9/2/2023
02.02 2023 год.
Скопје

**Резиме од спроведената само-евалуација на кадарот**

Евалуацијата на наставниот кадар се изврши во академската 2022-2023 година и на истата одговорија 7 предавачи, давајќи информации во однос на следните категории: број на предавани предмети и обем на настава, академско-истражувачки постигнувања, посетени и организирани настани посветени на професионална обука и развој (симпозиуми, меѓународни конференции, летни школи на ниво на постдипломски студии, како и меѓународни истражувачи проекти), други обврски во служба на Установата (ИОХН-Скопје), како и клучни достигнувања во тековната академска година.

Сумираните резултати од евалуацијата покажаа дека сите евалуирани предавачи биле ангажирани со најмалку еден до најмногу четири предмети кои ги имаат продавано во текот на академската година. Во поглед на реализираните истражувања од страна на академскиот кадар, природата на Институтот налага истите да се поделат на научни истражувања и применети истражувања. Во однос на првите, може да се каже дека секој член на Институтот има објавено во просек по најмалку четири истражувачки труда, додека пак поголемиот дел од кадарот бил вклучен во најмалку седум применети истражувачки проекти. Понатаму, секој член на Институтот има учествувано на најмалку три настан посветен на професионален развој и обука како што се семинари за визуелизација на податоци, обука за организација на вебинари, обуки организирани од национални институции и агенции кои работат во доменот на образованието и науката итн. Секој член на институтот има земено учество во од два до шест меѓународни истражувачки проекти. Истовремено, членовите на Институтот имаат учествувано и на разновидни јавни настапи како трибини, тркалезни маси, медиумски настапи, како и организирано низа на настани поврзани со обука на разни професионални групи засегнати од природата на спроведените проекти. Конечно, секој член на кадарот има изработено дидактички материјали за предмети кои ги предава, а поголемиот дел од нив имаат учествувано и во изработка на документи за јавни политики, а дел од нив се имаат стекнато и со дополнително образование релевантно за работата на Институтот.

Сето ова укажува на целокупно, активно и продуктивно учество на сите членови на Инстутот во остварувањето како на тековните академски и истражувачки задачи така и во јакнењето на сопствениот углед и квалитет, а со тоа и јакнење на угледот и квалитетот на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје. Врз основа на ова, раководителот на Институтот, проф. д-р Катерина Колозова, го охрабрува и поддржува и понатамошниот професионален развој и достигнување на секој член на Институтот.

Скопје

Датум: 02.02.2023 година

Раководител

Проф. д-р Катерина Колозова

Директорка на Институтот за

Општествени и хуманистички науки - Скопје